**2017009092**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, СЕМЕ, ЈАЈНИ КЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ ОД ДОМАШНИ И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА СИН ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на син јазик се забранува увоз и транзит во Република Македонија на домашни и диви преживари, семе, јајни клетки и ембриони од домашни и диви преживари.

Забраната од став 1 на овој член се применува на пратки кои потекнуваат од држави и региони наведени во Прилог кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на овој решение престануваат да важат Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, семе, јајца и ембриони заради заштита од внесување на вирусот на син јазик во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/16), Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, семе, јајца и ембриони заради заштита од внесување на вирусот на син јазик во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/16) и Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, семе, јајца и ембриони заради заштита од внесување на вирусот на син јазик во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/16).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02 – 5670/3
20 јануари 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство,
Директор,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.

**Прилог**

**1. Кипар**

**2. Франција**

**3. Хрватска**

- Следните региони во Хрватска

Задар /Zadar
Шибеник – Книн /Šibenik-Knin

Лика-Сењ/Lika-Senj
Истра/Istria
Сплит-Далмација /Split-Dalmatia
Сисак-Мославина /Sisak-Moslavina
Карловац /Karlovac
Славоснки брод – Посавина /Slavonski brod-Posavina

**4. Италија**
- Следните региони во Италија
Верона /Verona
Виченца/Vicenza
Кротоне/Crotone
Арецо/Arezzo
Таранто/Taranto
Рим/Roma
Нуоро/Nuoro
Рагуза/Ragusa
Фиренца/Firenze
Ена/Enna
Удине/Udine
Авелино/Avellino
Мацерата/Macerata
Триесте/Trieste
Гросето/Grosseto
Перуџа/Perugia
Агригенто/Agrigento
Болоња/Bologna
Бари/Bari
Катанѕаро/Catanzaro
Катанија/Catania